**International Theatre Institute ITI**

**World Organization for the Performing Arts**

Биографија

„Светска ѕвезда која не губи тло под нозе''- Tanz Magazine вака го опиша Фридеман Вогел, кога тој беше избран за „Танчер на годината'', по вторпат во 2019 година. Следната година, престижната асоцијација German Dance Prize го награди главниот балетски танчер на Stuttgart Ballet, со награда за „Извонреден танчер'', препознавајќи ја неговата долгогодишна и многу очигледна меѓународна кариера.

Земајќи ги предвид неговите изјави дека откако знае за себе сакал да стане танчер, затоа не е изненадување дека првиот долгометражен документарен филм посветен на неговата работа се нарекува „Фридеман Вогел – инкарнација на танцот''. Повеќе од 20 години, овој многу наградуван уметник, настапувал на релевантните сцени низ светот, од la Scala во Милано до театарот Bolshoi во Москва, па се` до World Ballet Festival во Токио, стекнувајќи се со награди од критиката и публиката. Прославен поради неговите длабоко трогателни портретирања на ликовите во драмскиот балет, славен е и поради неговите електрични изведби во многу современи танцови дела – затоа Фридеман заслужено ја носи националната титула на Kammertänzer (камерен танчер) – едно од најголемите достигнувања за танчерите во Германија. Повеќе информаци на официјалниот вебсајт на Фридеман Вогел: friedemannvogel.com